# Соопштение за Јавност

Датум
7 Јуни, 2010

Sandra Lades
GfK Association
Press Officer
Tel. +49 911 395 3606
sandra.lades@gfk-association.org

Ronald Frank
GfK Association
Studies
Tel. +49 911 395 3004
ronald.frank@gfk-association.org

## Германците најзагрижени – Невработеноста е најголем предизвик за Европејците

### Резултати од анкетата "Предизвици на Европа 2010" Анкета спроведена од GfK Асоцијацијата

**Нирнберг, 7 Јуни 2010 - Ситуацијата на пазарот на трудот останува најзагрижувачка, не само за Германците, туку и за Европејците, генерално. Споредувајќи ги податоците од минатата година, степенот на загриженост значително е во мал пораст. Во 8 од 11 земји, невработеноста е нејчесто споменувано прашање. Понатаму, доаѓаат цените и развојот на куповната моќ, како и грижата за економската стабилност. Иако загриженоста за економската ситуација падна неколку скалила подолу, сепак и понатаму е трета тема од Европските стравови. Од сите Европејци, Германците се најзагрижени, иако се помалку загрижени за економската ситуација, каде на листата сеуште е на 2-ро место како главна тема на загриженост.**

Со раст од 9%, две третини од Германците изразија загриженост за пазарот на трудот во 2010 год. Во текот на рецесијата, невработеноста всушност се зголеми, иако зголемувањето е значително помалку од тоа што се очекуваше претходно (од 7,3% во 2008 год. на 7,5% во јануари 2010 год. според Организацијата за економска соработка и развој). Основна причина за зголемената загриженост може да е резултат на несигурност да се предвидат изгледите за иднината. Во извештаите во пролета 2009 година, водечките економски институти за истражувања сеуште очекуваа дека невработеноста ќе расте на 5 милиони до крајот на 2010 година, но само 3,6 милиони се регистрирани како невработени во почетокот на летниот период од 2010 година, во своите нови извештаи, институтите дури проценуваат пад на бројот на невработени.

"Во 2010 година, стапката на невработеност е, и останува, главна причина за загриженост на Германците. Вистината е дека тоа било

GfK-Nürnberg e.V.
Nordwestring 101
D-90419 Nuremberg

Tel +49 (0)911/395-2368
Fax +49 (0)911/395-2715
www.gfk-association.org
info@gfk-verein.org

Managing Director:
Dr. Raimund Wildner

Presidium:
Peter Zühlsdorff (Chairman)
Ralf Klein-Bölting
Prof. Dr. Nicole Koschate
Prof. Hubert Weiler
Dr. Raimund Wildner
(Vice Chairman)

Association register: VR200665
Nuremberg Court

така и во изминатите 20-тина и повеќе години, со исклучок на 1992 година, кога прашањето на имиграцијата и интеграцијата нè преокупираше нас Германците" – ги коментираше резултатите д-р. Вилднер, Генерален Директор и Подпретседател на GfK Асоцијацијата.

После експлозивниот раст во минатата година, загриженоста за економскиот развој повторно падна за 10%, иако изнесува 26% и понатаму е на 2-ро место на листата на загриженост кај Германците.

Со пад на 5% на бруто домашниот производ, во 2009 год. германската економија претпре најголем удар од целокупното постоење. Во 2010 год., се предвидува прв мал знак за опоравување и раст на продуктивноста во висина од околу 1,4%.

**Германците - загрижени за цените и развојот на куповната моќ**

После загриженоста за цените и развојот на куповната моќ која минатата година падна повторно на 13% од 37% од претходната година, 24% од Германците повторно веруваат дека треба да се превземе акција. Иако стапката на инфлација во просек е само 0,4% во 2009 год. (податок од Организацијата за економска соработка и развој), има тенденција за благ пораст кој треба да се надгледува.

**Здравствена заштита и пензии - голема тензија за оваа тема**

Грижата за здравствената заштита е повеќе од двојно зголемена, изнесува 21% и повеќе Германци изразиле загриженост за здравствената заштита при појава на болест повеќе од било кога, дури и од 1990. Со тоа, ова прашање е на 4-тата позиција на листата на загриженост. Потребата за реформи на Гермаскиот здравствен систем, билион евра дефицит во задолжителното здравствено осигурување, првиот пораст во придонесите и дискусијата за рамни стапки во здравственото осигурување повторно завзедоа централно место во дебатите.

Со пораст од 9% на 19%, прашањето за пензиите и старосните провизии се повеќе станува предмет за дискусија и се наоѓа на 5-та позиција на листата на загрижености. Додека во претходната година, висината на пензиите се зголемила скоро за 2,5%, оваа година пензионерите се соочија со нула покачување.

**Социјално осигурување – во центарот на вниманието**

Голем број на прашања кои се однесуваат на социјалното осигурување е рангирано на 6-тата позиција. Во споредба со претходната година, моменталната побарувачка за поправедно општество има пораст од 4% на рекордни 17%, повеќе поправедната распределба на приходите беше чест коментар.

GfK Verein

Фокусот на криминалот е повторна преокупација на Германците. По опаѓањето минатата година, желбата за борба против криминалот е зголемена од 7% на 15 %., и се позиционира на 7-то место на листата. Секако, голема загриженост се искажува и за начинот на кој се соопштува криминалот во медиумите, каде оваа година фокусот е свртен кон криминалот на младите, и како жртви и како извршители.

## Стапката на невработеност е голем проблем во Источна и Западна Германија

И во двата региони во Германија како најголем проблем е невработеноста. Загриженоста е поголема во новите Сојузни држави (73%) отколку во поранешната Западна Германија (64%). Од германското обединување, оние кои живеат на исток континуирано искажуваат поголема загриженост за ситуацијата на пазарот на труд отколку германиците во западниот дел. Меѓутоа, зголемувањето на загриженост е практично на истото ниво и во двата региони од Германија, со само 2 и 3-то место пресврт во Источна и Западна: на Истокот, загриженоста се однесува на цените и куповната моќ (31%) или 2-то рангирано место, додека на запад овие проблеми се рангирани на 3-то место (22%). Во поранешна Западна Германија, вознемиреноста во врска со економскиот развој е рангирана на 2-ро место со 27%, а во новите држави 22% како 3-то место

**Предизвици на Германија 1990 – 2010**

**Процентот на итни проблеми кај испитаниците кои треба да ги промени Германија: (отворени прашања; заокружени во %; повеќе пати споменато)**

| | 1990 | 1994 | 1998 | 2002 | 2006 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Невработеност** | 36 | 66 | 86 | 74 | 80 | 57 | 66 |
| **Економска стабилност** | 7 | 13 | 5 | 11 | 8 | 36 | 26 |
| **Цена/развој на куповната моќ** | 7 | 7 | 4 | 14 | 11 | 13 | 24 |
| **Здравствена заштита** | - | 4 | 6 | 5 | 15 | 10 | 21 |
| **Пензии/старосни провизии** | 6 | 9 | 14 | 12 | 18 | 9 | 19 |
| **Социјално осигурување** | 5 | 6 | 9 | 8 | 10 | 13 | 17 |
| **Криминал** | 1 | 18 | 19 | 17 | 6 | 8 | 15 |
| **Образование** | 1 | 1 | 3 | 5 | 9 | 14 | 14 |
| **Јавни финасии** | 3 | 5 | 10 | 3 | 6 | 9 | 12 |
| **Политика/Влада** | 2 | 4 | 3 | 6 | 6 | 10 | 10 |

Извори: Предизвици на Европа 2010, ГфК Асоцијација

"Генерално, луѓето во Германија се загрижени повеќе од било кога. Она што е значајно за оваа година, е тоа што бројката на искажани загрижености рапидно расте. Всушност, многу тешко можам да се сетам на ваков квантен скок преходно, барем не во последните 20

години.  Просечниот број на загрижености кај Германците порасна од 2,8 минатата година на 3,2 оваа година. Ова претставува џиновски скок" – објаснува Рајмонд Вилднер

**Европа - невработеноста и понатаму останува голем проблем**

Највисоко на Европската агенда на грижи сега, како и претходно котира загриженоста за невработеноста. Оваа година 43% од Европските испитаници искажаа загриженост, што е за 4% повеќе од 2009 год. Во тоа време, загриженоста се зголеми за 15% од најниското ниво во 2008. Овие прашања се од големо значење и во Шпанија, каде три четвртини од населението се загрижени за ситуацијата на пазарот на трудот, каде процентот се зголемува за 7 повеќе од 2009 год. Глобалната економска криза особено ја погоди Шпанија, а значаен удел имаше во пазарот на трудот. Во Германија, две третини се загрижени за недостатокот на работни места, додека во Франција половина од населението. Во Австрија и Полска 43% - европски просек - сметаат дека ситуацијата со пазарот на трудот треба да се  подобри, додека во Шведска и Белгија за ова гледиште се изјасниле третина од населението. Кај Британците и Холанѓаните се покачува за 16% и 8% соодветно.

**Русите – загрижени особено за инфлацијата**

Без оглед на падот од 22% на 18%, загриженоста за цената и развојот на куповната моќ се помести од 3-то на 2-ро место во листата. Проценката за целиот проблем со инфлацијата беше најдраматична во Русија. Во споредба со Европа, инфлацијата е многу голема во Русија, иако стапката е намалена од 14,1% во 2008 год. на 11,7% во 2009 год. Во Франција и Германија скоро една четвртина се загрижени за намалувањето на куповната моќ и во Полска 16% од населението верува дека мора да се превземат некакви активности. Наспроти тоа 2% се загрижени во Шпанија и Шведска, 3% во Британија и Холандија каде намалувањето на куповната моќ помалку ги загрижува.

**Шпанија – загрижени за економскиот развој**

Загриженоста за економскиот развој рефлектира на повеќе релаксираната ситуација, па ова прашање кое од 2-ро место минатата година се спушта на 3-то место оваа година. Откако загриженоста енормно порасна од 5% на 29% минатата година, само 16% од Европејците сеуште се загрижени за економската ситуација. Меѓутоа, населението од Шпанија и Германија релативно надпросечно ја изрази голема загриженост за идната економската ситуација, 31% и 26% соодветно.

| **Предизвици на Европа 2010**<br>**(отворени прашања; заокружени %; повеќе пати споменато)** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Г** | **Ф** | **А** | **ВБ** | **И** | **Б** | **Х** | **РУС** | **ПЛ** | **Шп** | **Шв** |
| **Невработеност** | 43 | 66 | 56 | 43 | 16 | 54 | 35 | 8 | 27 | 43 | 74 | 36 |
| **Економска стабилност** | 18 | 24 | 26 | 9 | 3 | 9 | 9 | 3 | 33 | 16 | 2 | 2 |
| **Цена/развој на куповната моќ** | 16 | 26 | 9 | 19 | 21 | 17 | 13 | 12 | 11 | 5 | 31 | 12 |
| **Криминал** | 12 | 15 | 16 | 12 | 19 | 22 | 18 | 24 | 4 | 4 | 3 | 2 |
| **Здравствена заштита** | 11 | 21 | 5 | 9 | 10 | 11 | 3 | 12 | 7 | 26 | 1 | 6 |
| **Пензии/старосни провизии** | 9 | 19 | 13 | 16 | 2 | 7 | 10 | 2 | 9 | 6 | 3 | 3 |
| **Политика/Влада** | 8 | 10 | 3 | 11 | 17 | 16 | 10 | 8 | 1 | 13 | 8 | 2 |
| **Место на живеење/издаваање** | 8 | 1 | 13 | 2 | 5 | 2 | 2 | 2 | 19 | 2 | 3 | 0 |
| **Имиграција / интеграција** | 8 | 8 | 4 | 28 | 25 | 13 | 18 | 9 | 1 | - | 3 | 7 |
| **Образование** | 7 | 14 | 6 | 9 | 11 | 4 | 2 | 8 | 7 | 3 | 2 | 6 |

Извори: Предизвици на Европа 2010, GfK Асоцијација

## Холандија, Италија – загрижени за криминалот

Прашањето за криминал останува на 4-то место на листата. Процентот на загриженост кај индивидуалци изнесува 12% кој се зголемува за еден процент, укажува на стабилност. Холанѓаните (24%) и Италјанците (22%) бараат да се зајакнат акциите во борба против криминалот. Британија (19%), Белгија (18%), Франција (16%) и Германија (15%) исто така бараат да се зајакнат акциите во борба против криминалот како едно од поважните прашања.

Загриженоста за здравствената заштита и понатаму останува во центарот на вниманието. Со пораст од 4 % ова прашање се помести за две места погоре и сега ја зазема 5-тата позиција на листата со 11%. Пољаците (26%) се посебно незадоволни од здравстената заштита кои сметаат дека можат да добијат само кога се болни, меѓутоа 21% од Германците сметаат дека треба да има подобрување на тоа прашање. Меѓутоа Белгијците (3%) и Шпанците (1%) практично немат грижа во тој поглед.

Загриженоста за пензиите и стаорсните провизии е зголемено за едно место и изнесува 9%, ова прашање се наоѓа на 6-то место (1%). Популацијата на Германија и Австрија за кого е наведено се движи од 19% и 16% соодветново и сакаат да видат подобрување на пензиската позиција. Меѓутоа, и Французите исто така се загрижени за старосната пензија со 13%.

**Решавањето на станбеното прашање е преокупација и на Русите и на Французите**

Нивото на загриженост за станбеното прашање и изнајмувањето изнесува 8%, и оваа година и ја завзема 8-мата позиција откако во 2009 год. беше на 6-тата позиција на листата. Еден од пет Руси и најмалку еден од дест Французи е загрижен за недостатокот на соодветно живеалиште. Меѓутоа, во моментот ова не претставува проблем во Шведска.

**Австријците и Британците – загрижени за имиграционото и интеграционото прашање**

Прашањето за имиграцијата и интеграцијата останува на 9-то место со 8%. Австрија е на врвот на листата со 28%, следена од Британија со 25%, додека во Белгија со 18% и Италијаните со 13% се со верување дека сегашната ситуација треба да се подобри.

Како и во претходната година, последна на листата од 10-те најважни предизвици е рангирањето на образованието, и стагнира на 7%. Германците (14%) И Британците (11%) се најзагрижени за подобрувањето на образованиот систем.

**За анкетата**

Овие факти се извлечени од "Предизвици на Европа 2010" спроведено од GfK. Истражувањето е базирано на 13 200 испитаници во период од Февруари и Март 2010 во Германија, Франција, Австрија, Британија, Италија, Белгија, Холандија, Русија, Полска, Шпанија и за прв пат Шведска. Анкетите се базираат на отворени прашања: "Според Ваше мислење, кои се најитните прашања кои би требало да се решат во Вашата (земја)? ". Испитаниците не беа ограничени во своите одговори и имаа можност на повеќекратни одговори. Истражувањето "Предизвици на Европа 2011" ќе бидат објавени во Јуни 2011.

**GfK Асоцијација**

GfK Асоцијација е основана во 1934 год. како непрофитабилна оганизација за промоција на истражување на пазарот. Здружението е составено од околу 600 компании и индивидуи. Целта на асоцијацијата е да се развиваат иновативни истражувачки методи, со блиска соработка со академски институции, да се промовираат тренинзи и понатамошни едукации на истражувачите, да се набљудуваат структурите и развивањата на општествата, на економијата и политиката кои играат главна улога во приватнот сектор, и да се испита нивниот ефект врз потрошувачите.